**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Препријатие за телекомуникации „Телеком Србија” акционерско друштво Белград, Република Србија над СКЈНЕТ КТВ, ДОО Златибор, Република Србија**

**(предмет бр. 08-33 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Препријатие за телекомуникации „Телеком Србија” акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола, односно правото на сопственост на дел од работењето односно над инфраструктурата на СКЈНЕТ КТВ ДОО Златибор, Република Србија со регистрирано седиште на улица др Драгослава Зеке Смиљанича бб, 31215 Златибор, Република Србија.

**-Препријатие за телекомуникации „Телеком Србија” акционерско друштво Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги извдвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Претпријатие за телекомуникации „Телеком Србија” акционерско друштво Белград има поврзано лице на територијата на Република Северна Македонија и тоа: **Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност: жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје има поврзано лице во Република Северна и тоа е: **Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

**-СКЈНЕТ КТВ, ДОО Златибор** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги на дистрибуција на медиумска содржина на територија на Република Србија.

СКЈНЕТ КТВ, ДОО Златибор нема поврзани правни лица на територија на Република

Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

**Пазари на кои се однесува концентрацијата**:

Подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар во предметната концентрација да биде малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина имајќи ја предвид дејноста на Целното друштво- СКЈНЕТ КТВ, ДОО Златибор.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.02.2025 година

Скопје